21650

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping · press-clipping

(Osnovano 1952 godine)

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289

Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје

8. VIII. 1974



Прочуената народна грчнарија: инспирација и повод за уметничката надградба

# КЕРАМИЧКА КОЛОНИЈА ВО РЕСЕН

## НА ОВАА ЕДИНСТВЕНА ОД ВАКОВ ВИД МАНИФЕСТАЦИЈА КАЈ НАС УЧЕСТВУВААТ ДЕВЕТМИНА КЕРАМИЧАРИ

■ **ВТОРАТА КЕРАМИЧКА КОЛОНИЈА** што работи во рамките на Работничкиот универзитет во Ресен, од први август ја отпочна својата годинашна работа во летувалиштето Отешево. Во работата на оваа културна манифестација, единствена од ваков вид во Републиката, што ќе трае до 20 август, учествуваат 9 најпознати керамичари, речиси од сите наши републики и покраини што ги одредија нивните друштва на ликовни уметници. Од Социјалистичка Република Србија учествува Ѓурѓинка Богдановиќ, од Хрватска Стјепан Винковиќ, од Словенија Владимира Братуш — Фурлан, од Босна и Херцеговина Нација Ефендиќ, од Војводина Иван Јандриќ и од СРМ Михо Лазаров, Раде Перчуклиевски, Владо Аврамчев и наставникот во Училиштето за применета уметност во Скопје, Душко Мишевски.

■ **ЗА ВРЕМЕ НА ДВАЕСЕТДНЕВНАТА РАБОТА** овие керамичари-уметници ќе изработат повеќе творби. Покрај изработката на разновидни керамопластики, сувенири за туристичкиот регион на Преспа, вазни и други дела, керамичарите годинава поголемо внимание ќе и посветат на сувенирската керамика, со цел најдобрите екпонати да можат да се репродуцираат од ресенските грнчари, а дел од приходите да бидат наменети за Колонијата.

Ѓ. Ѓ.